Број 6 Година XIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

**СКОПЈЕ, Април 2019**

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2, тел. 02 3055 933, факс: 02 3062 925
www.karpos.gov.mk; petar.teov@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош, донесена на дваесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 април 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3079/1**
**Датум: 11.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 46, став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата седница, одржана на 10 април 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош**

**Член 1**
Со ова одлука се утврдуваат реоните на основните училишта во кои се опфаќаат учениците од целата територија на Општина Карпош.

**Член 2**
Со усвојувањето на оваа одлука се обезбедува реален прилив на учениците во основните училишта и рационално искористување на училишните капацитети во Општина Карпош.

**Член 3**
Реонот на општинското основно училиште „АВРАМ ПИСЕВСКИ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на населените места М.З.Бардовци , М.З.Злокуќани и Момин Поток.

**Член 4**
Реонот на општинското основно училиште „БРАТСТВО“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Тафталиџе 2“, што се простира на исток до улица „Московска“, на север до булевар „Партизански одреди“, на запад до реката Вардар и на југ до булевар „Митрополит Теодосиј Гологанов“ и населените места Горно и Средно Нерези.
Учениците од I (прво) до IX (деветo) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „БРАТСТВО“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 5**
Реонот на општинското основно училиште „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница Карпош 2, што се простира на исток до улица „Никола

Тесла“, на север до булевар „8ми Септември“ (од улица Скупи до булевар „Никола Карев“), на југ до булевар „Партизански одреди“ и на запад до булевар „8ми Септември“.
Учениците од I (прво) до IX (девето) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 6**

Реонот на општинското основно училиште „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаните заедници „Кузман Јосифовски Питу“ и „Пецо Божиновски Кочо“,

што се простира на исток до улица „Васил Ѓоргов“, на север до булевар „Војвода Васил Чакаларов“ и урбаните задници Трнодол и Жданец и на запад до улица „Козле 1“(пат за Пантелејмон).
Учениците од I (прво) до IX (девето) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 7**

Реонот на општинското основно училиште „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Владо Тасевски“, што се простира на исток до улица „Френклин Рузвелт“, на југ до булевар „Митрополит Теодосиј Гологанов“, на север до булевар „Партизански одреди“ и на запад до булевар „8ми Септември“.
Учениците од I (прво) до IX (девето) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 8**

Реонот на општинското основно училиште „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Влае 1“ и територијата на урбаната заедница „Влае 2“, што се простира на исток до реката „Вардар“, на север до реката „Лепенец“, на запад до булевар „Ѓорче Петров“ и на југ до булевар „Војвода Васил Чакаларов“.
Учениците од I (прво) до IX (девето) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 9**

Реонот на општинското основно училиште „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Тафталиџе 1„ што се простира на исток до булевар

„8ми Септември“, на југ до булевар „Митрополит Теодосиј Гологанов“, на север до булевар „Партизански одреди“ и на запад до улица „Московска“.
Учениците од I (прво) до IX (деветo) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 10**

Реонот на општинското основно училиште „ЛАЗО ТРПОВСКИ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 3“, што се простира на исток до булевар „8ми Септември“, на север до реката „Вардар“, на југ до булевар „Партизански одреди“ и на запад до улица „Љубљанска“.
Учениците од I (прво) до IX (деветo) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ЛАЗО ТРПОВСКИ“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 11**

Реонот на општинското основно училиште „ПЕТАР ПОП АРСОВ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 4“, што се простира на исток до улица „Љубљанска“, на север до булевар „Илинден“, на запад до реката „Вардар“ и на југ до булевар „Партизански одреди“.
Учениците од I (прво) до IX (деветo) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ПЕТАР ПОП АРСОВ“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 12**

Реонот на општинското основно училиште „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 1“, што се простира на исток до улица „Франклин Рузвелт“, на југ до булевар „Партизански одреди“, на запад до улица „Никола Тесла“ и на север до Градски парк.
Учениците од I (прво) до IX (деветo) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 13**

Општинското основно училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон.

**Член 14**

(1) Општинското основно училиште може да запише ученици од друг реон или друга општина, доколку има слободни места за запишување.

(2) За запишаните ученици од став (1) трошоците за превоз паѓаат на терет на родителот/старателот.

**Член 15**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2810/3**
**Датум: 10.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за утврдување на реони на градинките на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на реони на градинките на Општина Карпош, донесена на дваесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 април 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3079/2**
**Датум: 11.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 60, став 2 и став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 ), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата седница, одржана на 10 април 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на реони на градинките на Општина Карпош**

**Член 1**

Со ова одлука се утврдуваат реоните на градинките во кои се запишуваат деца од целата територија на Општина Карпош.

**Член 2**

Со усвојувањето на оваа одлука се обезбедува реален прилив на децата во градинките и рационал- но искористување на училишните капацитети во Општина Карпош.

**Член 3**

Реонот на ЈУОДГ „ВИНОЖИТО“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на населените места М.З.Бардовци , М.З.Злокуќани и Момин Поток.

**Член 4**

Реонот на ЈУОДГ „МАЈСКИ ЦВЕТ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Тафталиџе 2“, што се простира на исток до улица „Московска“, на север до булевар „Партизански одреди“, на запад до реката Вардар и на југ до булевар „Митрополит Теодосиј Гологанов“ и населените места Горно и Средно Нерези.

**Член 5**

Реонот на ЈУОДГ „ОРЦЕ НИКОЛОВ“–КЛОН КАРПОШ 2, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница Карпош 2, што се простира на исток до улица „Никола Тесла“, на север до булевар „8ми Септември“ (од улица Скупи до булевар „Никола Карев“), на југ до булевар „Партизански одреди“ и на запад до булевар „8ми Септември“.

**Член 6**

Реонот на ЈУОДГ „ПРОЛЕТ, КЛОН „БУМБАРЧЕ“, КЛОН „КАНЕЛА“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаните заедници „Кузман Јосифовски Питу“ и „Пецо Божиновски Кочо“,

што се простира на исток до улица „Васил Ѓоргов“, на север до булевар „Војвода Васил Чакаларов“ и урбаните задници Трнодол и Жданец и на запад до улица „Козле 1“(пат за Пантелејмон).

**Член 7**

Реонот на ЈУОДГ „МАЈСКИ ЦВЕТ“-КЛОН ТАФТАЛИЏЕ, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Владо Тасевски“, што се простира на исток до улица „Френклин Рузвелт“, на југ до булевар „Митрополит Теодосиј Гологанов“, на север до булевар „Партизански одреди“ и на запад до булевар „8ми Септември“.

**Член 8**

Реонот на ЈУОДГ „ПРОЛЕТ“-КЛОН СОНЧОГЛЕДИ, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Влае 1“ и територијата на урбаната заедница „Влае 2“, што се простира на исток до реката „Вардар“, на север до реката „Лепенец“, на запад до булевар „Ѓорче Петров“ и на југ до булевар „Војвода Васил Чакаларов“.

**Член 9**

Реонот на ЈУОДГ „МАЈСКИ ЦВЕТ“-КЛОН ТАФТАЛИЏЕ, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Тафталиџе 1„ што се простира на исток до булевар „8ми Септември“, на југ до булевар „Митрополит Теодосиј Гологанов“, на север до булевар „Партизански одреди“ и на запад до улица „Московска“.

**Член 10**

Реонот на ЈУОДГ „ОРЦЕ НИКОЛОВ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 3“, што се простира на исток до булевар „8ми Септември“, на север до реката „Вардар“, на југ до булевар „Партизански одреди“ и на запад до улица „Љубљанска“.

**Член 11**

Реонот на ЈУОДГ „ОРЦЕ НИКОЛОВ“-КЛОН КАРПОШ 4, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 4“, што се простира на исток до улица „Љубљанска“, на север до булевар „Илинден“, на запад до реката „Вардар“ и на југ до булевар „Партизански одреди“.

**Член 12**

Реонот на ЈУОДГ „РАСПЕАНА МЛАДОСТ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 1“, што се простира на исток до улица „Френклин Рузвелт“, на југ до булевар „Партизански одреди“, на запад до улица „Никола Тесла“ и на север до Градски парк.

**Член 13**

Детската градинка запишува и прима деца врз основи на пријави преку целата година.

**Член 14**

Ако во јавната детска градинка има пријавено поголем број деца отколку што има слободни места, за приемот решава комисија за прием на деца.

**Член 15**

Комисијата ја именува директорот.

**Член 16**

Составот и начинот на работата на комисијата, како и поблиските критериуми за прием на деца во градинката ги утврдува управниот одбор на градинката во согласност со советот на општината и советот на општината во Градот Скопје.

**Член 17**

По жалба против решението на комисијата решава градоначалникот на општината и општината во градот Скопје.

**Член 18**

Детскта градинка може да запише деца од друг реон или друга општина, доколку има слободни места.

**Член 19**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2810/4**
**Датум: 10.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје, донесена на дваесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 април 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3079/3**
**Датум: 11.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

*ОПШТИНА КАРПОШ*
*Одделение за поддршка и организација на работтата на Советот*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со член 60, став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата седница, одржана на 10 април 2019 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитетот и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитетот во јавната установа општинска детска градника „Мајски Цвет“, Карпош-Скопје, бр.02-151/2 од 04.04.2019 година, донесена од претседателот на управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“-Општина Карпош-Скопје и Одлука за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет бр.03-152/1 од 04.04.2019 година, донесена од директорот на јавната установа.

2. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-2810/5**
**Датум: 10.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2, тел. 02 3055 933, факс: 02 3062 925
www.karpos.gov.mk; petar.teov@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје, донесена на дваесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 април 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3079/4**
**Датум: 11.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со член 60, став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата седница, одржана на 10 април 2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитетот и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитетот во јавната установа општинска детска градника „Орце Николов“, Карпош-Скопје, бр.02-61/5 од 27.02.2019 година, донесена од претседателот на управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“-Општина Карпош-Скопје и Одлука за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет бр.02-61/6 од 27.02.2019 година, донесена од директорот на јавната установа.

2. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-2810/6**
**Датум: 10.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Пролет" Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Пролет" Карпош-Скопје, донесена на дваесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 април 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 11-3079/5**
**Датум: 11.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

*ОПШТИНА КАРПОШ*
***Одделение за поддршка и***
***организација на работтата на Советот***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со член 60, став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата седница, одржана на 10 април 2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитетот и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитетот во јавната установа општинска детска граднике „Пролет“, Карпош-Скопје, бр.0202-155 од 04.04.2019 година, донесена од претседателот на управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Пролет“-Општина Карпош-Скопје и Одлука за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет бр.0202-156 од 04.04.2019 година, донесена од директорот на јавната установа.

2. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-2810/7**
**Датум: 10.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2, тел. 02 3055 933, факс: 02 3062 925
www.karpos.gov.mk; petar.teov@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје, донесена на дваесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 април 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3079/6**
**Датум: 11.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

*ОПШТИНА КАРПОШ*
*Одделение за поддршка и организација на работтата на Советот*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002), а во врска со член 60, став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија"бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата седница, одржана на 10 април 2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост" Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитетот и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитетот во јавната установа општинска детска градника „Распеана Младост", Карпош-Скопје, бр.02-46/3 од 05.04.2019 година, донесена од претседателот на управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост"-Општина Карпош-Скопје и Одлука за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет бр.02-46/4 од 05.04.2019 година, донесена од директорот на јавната установа.

2. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост" Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-2810/8**
**Датум: 10.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решението за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца –детска градинка „ИПС ГРУП“ – Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца –детска градинка „ИПС ГРУП“ – Скопје, донесена на дваесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 април 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3079/7**
**Датум: 11.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 19, став 7 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата седница, одржана на 10 април 2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца –детска градинка „ИПС ГРУП“ – Скопје**

1. Се дава согласност на Статутот на Приватната установа за деца - детска градинка „ИПС ГРУП“, донесен од Претседателот на Управен одбор-Татјана Тодоровски.

2. Решението да се достави до Приватната установа за деца–детска градинка „ ИПС ГРУП” – Скопје и до основачот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош”

**Број: 09-2810/9**
**Датум: 10.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за изработка проектна документација,реализација и одржување на јавни површини**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за изработка проектна документација,реализација и одржување на јавни површини, донесена на дваесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 април 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3079/8**
**Датум: 11.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“бр. 79/09), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата седница, одржана на 10 април 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка,помеѓу Општина Карпош и Град Скопје, за изработка проектна документација,реализација и одржување на јавни површини**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Карпош го прифаќа предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје заради остварување на заедничка цел и интерес за финансиско учество за изработка на проектна документација, нејзина реализација и одржување на јавни површини – скверови.

**Член 2**

Средствата неопходни за реализација на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Град Скопје и истите ќе се користат исклучиво за намената утврдена во член 1 на оваа одлука, согласно прописите кои се однесуваат на јавните набавки.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука Градоначалникот на Општина Карпош ќе склучи договор со Градоначалникот на Градот Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во ”Службен гласник на Општина Карпош”

**Број: 09-2810/10**
**Датум: 10.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување наАкционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП (Локален Еколошки АкционенПлан) за 2019 година**

1. Се објавува Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП (Локален Еколошки АкционенПлан) за 2019 година, донесен на дваесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10април 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3079/9**
**Датум:11.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Одлуката за усвојување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) 2 за Општина Карпош донесена на 18та седница на Советот на Општина Карпош бр.09-573/10 од 30.01.2019 година, во согласност со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2019 година, точка 1. Одделение за екологија, подточка 1.4. Донесување и имплементација на ЛЕАП, а во врска со член 60 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07. 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата седница, одржана на 10 април 2019година, донесе

**Акционен план**
**за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП (Локален Еколошки Акционен План) за 2019 година**

**Вовед**

Во согласност со Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/2002), една од надлежностите на општините е „заштита на животната средина и природата преку мерки за заштита и спречување од загадување на водата, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење“.

Според Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/2005, 24/07, 159/08, 83/09 и измени 124/10, 51/11) “Советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, врз основа на оцената на своите специфични состојби и потреби, а во согласност со Националниот акционен план за животната средина, донесуваат локални акциони планови за животната средина во согласност со утврдена методологија”.

Почитувајќи ги овие законски обврски, преку веќе донесениот ЛЕАП на општина Карпош во кој се идентификувани клучните проблеми поврзани со заштитата на животната средина опфатени во следните тематски области:

1. Воздух;
2. Отпад;
3. Почва;
4. Вода;

5. Бучава;
6. Енергетска ефикасност и
7. Климатски промени.

Анкетата спроведена на идентификуваните 25 проблеми од сите тематски области посочи 17 клучни проблеми кои се предмет на дејствување со акциските планови во шестгодишниот период на реализација на овој стратешки документ.

Акцискиот план за 2019 година претставува предлог мерки и активности кои се однесуваат на овие наведени проблеми што треба да почнат или целосно да се реализираат во 2019 година. Во програма за работа на Секторот за екологија и енергетска ефикасност за 2019 година е предвиден буџет од 1.000.000,00 денари за реализација на истите.

**Методологија за реализација на активностите**

Врз основа на ДПСИР методологијата (Driving force - движечка сила, Pressure - притисок, State - состојба, Impact - влијание, Response - одговор/реакција) преку која се дефинира движечките сили кои имаат влијание на животната средина, притисокот кој ја модифицира состојбата на медиумите и животната средина, сегашната состојба и влијанието како и дефинирање на соодветен одговор/акција за решавање на проблемите.

Имајќи ја во предвид ДПСИР методологијата во целост Акциониот план е базиран на истата и се фокусира на следниот методолошки пристап на реализација на активностите со следниот редослед:

- Дефинирање на проблемот;
- Дефинирање на мерки за разрешување;
- Идентификација на акциите кои треба да се превземат за спроведување на предложените мерки;
- Одговорни лица за спроведување на активностите;
- Временска квартална реализација на активности;
- Предвидени средства за реализација и
- Идентификација на можни надворешни извори за финансирање.

За секој од предложените проекти за реализација се предвидува и план за набљудување и оценување кој ги содржи:

1. Очекување резултати;
2. Показатели и успех;
3. Фреквенција на следење;

4. Одговорно лице за набљудување и оценување на успешноста на реализацијата на мерките и акциите во ЛЕАП за општина Карпош.

**Мерки и активности за реализација – табеларен приказ**

| **Тематска област: Воздух** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Проблеми** | **Мерки** | **Акции** | **Одговорни лица за реализација** | **Предвиден буџет (денари)** | **Време на реализација** | **Можни извори на финансирање** |
| Аерозагадување од домаќинства и индустриски капацитети (користење на цврсти, течни и недозволени горива за загревање) | Подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух преку промоција на алтернативни горива за затоплување | Организирање на форуми и средби со граѓанскиот сектор и економските оператори | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2019 година | / |
| | | Изработка на промотивен материјал за користење на алтернативни горива за затоплување | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | 50.000,00 | 2019 година | Средства од буџетот на Општина Карпош |
| | Подигнување на јавната свест да не се користат недозволиви енергенси: отпадно масло, лакирани или обоени отпадоци од дрво и мебел, стиропор, ПЕТ амбалажа и слично | Кампања за зголемување на свеста на локално население за штетност од користење несоодветни суровини за загревање на домовите | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | 30.000,00 | 2019 година | Средства од буџетот на Општина Карпош |
| | | Мерки за вградување на обновливи извори на енергија во јавни објекти во согласност со Програмата за активностите на Општина | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | Втора половина на 2019 година | Средства од надворешни донации |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2019 година | | | | |
| | Евиденција на загадувањето на амбиентален воздух ($PM_{10}$, $PM_{2,5}$, $CO_2$, $SO_2$, $NO_2$, CO) | Набавка на мобилен инструмент за мерење на загадувањето на амбиентален воздух ($PM_{10}$, $PM_{2,5}$, $CO_2$, $SO_2$, $NO_2$, CO). Овој мобилен инструмент кој се развива преку фондот за иновации и веќе подолго време се тестира во општина Карпош ќе овозможи мерење на разни локации и детектирање на потенцијалните загадувачи | Сектор за екологија и енергетска ефикасност и инспектор за екологија | 700.000,00 денари | 2019 година | Средства од буџетот на Општина Карпош и надворешни донации |
| | Пристап до податоци за потенцијални извори на загадување на територија на Општина Карпош | Дополнување на Катастарот на загадувачи особено од стационарни извори на територија на општината што ќе претставува база на податоци за индустриските капацитети (местоположба, тип на активност, капацитет, | Сектор за екологија и енергетска ефикасност и консултантски компании | 300.000,00 денари | 2019 година | Средства од буџетот на Општина Карпош |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | услови во ИСКЗ дозволите) и емисиите кои се јавуваат од стационарни извори на загадувачки материи во воздухот и истовремено ќе обезбеди следење на емисиите на загадувачки материи во воздух од стационарни извори | | | | |
| Загадување на амбиенталниот воздух од сообраќајот | Намалување на емисиите на загадувачки материи ($NO_x$, $PM_{10}$, VOC, $SO_2$) кои потекнуваат од сообраќајот над граничните вредности на заштита на животната средина за секоја загадувачка материја поединечно | Засадување на растителни видови кои имаат позначително влијание на подобрување на квалитетот на воздухот, т.е. растенија кои имаат природна способност за зголемена конзумација на $CO_2$ | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | Октомври/ ноември 2019 година | Средства од Програмата за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош за 2019 година |
| | | Засадување на растителни видови од Листи на видови отпорни на полутанти и чад од "Студијата за озеленување и пошумување на подрачјето на Скопје" | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | Октомври/ ноември 2019 година | Средства од Програмата за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош за 2019 година |
| | Развивање на | Промоција и поттикнување | Сектор за | 60.000 денари | 2019 година | Средства од |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | систем за одржлив урбан транспорт | на употреба на алтернативен превоз (пешачење или велосипеди), набавка на 2 електрични тротинети и е-мобилност на општината | екологија и енергетска ефикасност | | | буџетот на Општина Карпош |
| | | Субвенционирање за набавка на нов велосипед | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | Март 2019 година | Средства од Програмата за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош за 2019 година |
| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатени се 2 поважни проблеми од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација:<br>1.140.000,00 денари | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Тематска област: Отпад** | | | | | | |
| Недостаток на база на податоци за количините на отпад од правни субјекти и граѓани на годишно ниво | Пристап кон податоци за создавачи на сите видови отпад и начин на негово управување | Дополнување на Катастарот на загадувачи на територија на општината што ќе претставува база на податоци за индустриските капацитети | Сектор за екологија и енергетска ефикасност и консултантски компании | Без финансиски импликации | До крајот на 2019 година | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (местоположба, тип на активност, капацитет, услови во ИСКЗ дозволите) | | | | |
| | | Подобрување на интерсекторската комуникација меѓу јавните претпријатија и секторите во општината | Општина Карпош | Без финансиски импликации | Континуирано во 2019 година | / |
| | | Подготовка на дигитализирана база на податоци | Одделение за екологија | Без финансиски импликации | Континуирано во 2019 година | / |
| Недостаток на примарна селекција на отпад на местото на генерирање од домаќинства и правни субјекти | Промовирање на пилот проект за сепарирање, рециклирање и реупотреба на одреден тип на материјал кој се рециклира | Поставување на мали компостари во основните училишта и компостара во општината за компостирање на отпад од листови | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2019 година | Средства од надворешни донации |
| | Иницирање на проекти за подигање на јавната свест на граѓаните и тесна соработка со урбани и месни заедници | Организирање на еко-акции за собирање на електричен и електронски отпад во општина Карпош | Сектор за екологија и енергетска ефикасност и консултантски фирми - постапувачи со отпад | Без финансиски импликации | 2019 година | / |
| Појава на | Иницирање на | Реализација на јавна | Сектор за | 30.000,00 | 2019 година | Средства од |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| недозволено одлагање на отпад на јавни површини | проекти за подигање на јавната свест на граѓаните | кампања за соодветно депонирање на отпадот кој се создава во руралниот и урбаниот дел на Општина Карпош | екологија и енергетска ефикасност и консултантски компании | | | буџетот на Општина Карпош |
| | Чистење на постоечки ѓубришта | Евидентирање и изготвување на листа и мапа на ѓубришта | Општина Карпош | Без финансиски импликации | 2019 година | / |
| | | Набавка на багер | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2019 година | Средства од Програмата за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош за 2019 година |
| | | Иницирање за инсталирање на системи за подземни контејнери за одлагање на комуналниот отпад | Општина Карпош | Без финансиски импликации | 2019 година, зависи од Град Скопје | 2 милиони денари одвоени за оваа намена со Одлука на Совет |
| | Ремедијација и пренамена на просторот | Изготвување на план за ремедијација и пренамена на просторот (каде има можности за пренамена) | Општина Карпош | Без финансиски импликации | 2019 година | Средства од надворешни донации |
| | | Засејување на површината со трева | Сектор за екологија и енергетска | Без финансиски импликации | 2019 година | Средства од Програмата за екологија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ефикасност | | | и енергетска ефикасност на Општина Карпош за 2019 година |
| | | Поставување на табли со натпис „Забрането фрлање на отпад“ | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2019 година | Средства од Програмата за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош за 2019 година |
| | | Поставување на урбана опрема (рекламни паноа, клупи, фонтани, корпи за отпадоци, реквизити од детски игралишта) на места каде е возможно на пространи јавни површини | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2019 година | Средства од Програмата за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош за 2019 година |
| | Воспоставување на мониторинг и следење на состојба | Изработка на план за мониторинг на ревитализираните локации | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2019 година | / |
| | | Редовен инспекциски надзор од страна на локален комунален | Општина Карпош | Без финансиски импликации | 2019 година | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | инспектор | | | | |
| | | Едукација на населението за штетноста од појавата на ѓубришта | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2019 година | / |
| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатени се 3 поважни проблеми од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација:<br>30.000,00 денари | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Тематска област: Почва** | | | | | | |
| Загадување и контаминација на почвата со загадувачки материи од секаков вид | Контролирано испуштање честички аеросоли во воздухот од индустријата и сообраќајот | Пошумување на тротоарите на улиците без дрвореди и зголемување на површините на парковското зеленило | Општина Карпош во соработка со ЈП Паркови и зеленило, Град Скопје и Општините на град Скопје | Без финансиски импликации | 2019 година | Средства од Програмата за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош за 2019 година |
| | Спречување на активности кои ја контаминираат почвата | Информирање на граѓаните дека е забрането палење оган и палење стебла; фрлање и оставање отпадоци во зеленилото; | Општина Карпош во соработка со МЗШВ, Град Скопје и | Без финансиски импликации | 2019 година | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | истоварување и оставање стока, амбалажа, шут, градежен и огревен материјал и друго на или покрај зеленилото; истурање нечиста вода и други течности што ја загадуваат и оштетуваат озеленетата површина | Општините на град Скопје | | | |
| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатен е 1 поважен проблем од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација:<br>Без финансиски импликации | | |

| **Тематска област: Вода** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Користење на питка вода за пиење за полевање на зеленило и цветни култури и како техничка вода | Обезбедување податоци за користење на подземна вода наместо вода од водоводна мрежа во | Користење на техничка вода за наводнување од бунарите за просторот на дворното место на училиштето „Братство“, градинката „Мајски Цвет“ и парковското зеленило до | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2019 година | Средства од надворешни донации |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | производни или други техничко-технолошки процеси | нив | | | | |
| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатен е 1 поважен проблем од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација:<br>Без финансиски импликации | | |

| **Тематска област: Бучава** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Честа појава на надминување на дозволените прагови на амбиентална бучава од страна на угостителските објекти | Зголемена контрола над работата на субјекти кај кои се очекува зголемено ниво на бучава | Вонредна контрола на работата на субјектите од страна на инспекциските служби во општината | Општина Карпош во соработка со МЖСПП и Град Скопје | Без финансиски импликации | Континуирано во текот на 2019 година | / |
| | | Зголемување на инспекцискиот надзор на работата на сите субјекти, спроведување на активностите од елаборатите за животна средина и усогласеност со прописите за заштита на животната средина | Општина Карпош во соработка со МЖСПП и Град Скопје | Без финансиски импликации | Континуирано во текот на 2019 година | / |
| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатен е 1 поважен проблем од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација:<br>Без финансиски импликации | | |

| **Тематска област: Енергетска ефикасност** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Незаинтересираност и мал степен на познавање кај граѓанскиот и приватниот сектор за можностите и технологиите за користење на алтернативни извори за енергија | Подигање на јавната свест и стимулација за имплементација на мерки за енергетска ефикасност во домаќинствата, комерцијалниот и услужниот сектор | Кампања за зголемување на јавна свест за користење и градба на фотоволтаични системи за сопствени потреби на граѓаните за моќност до 4KW согласно Законот за енергетика и новиот Закон за ЕЕ | Одделение за енергетска ефикасност | 30.000,00 денари | 2019 година | Средства од буџетот на Општина Карпош |
| | | Соработка со високообразовни институции во изработка на магистерски и докторски тези од областа на ЕЕ со практична примена во општината | Одделение за енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2019 година | / |
| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатен е 1 поважен проблем од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација:<br>30.000,00 денари | | |

| **Тематска област: Климатски промени** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Појава урбани топлотни острови | Поттикнување на научни истражувања за анализа на влијание на климатски промени | Кампања за подигање на свеста кај населението за бенефитот од примена на зелени фасади и зелени кровови за намалување на потрошувачка на енергија, намалување на температурата и топлотните острови во општина Карпош | Одделение за енергетска ефикасност | 30.000,00 денари | 2019 година | Средства од буџетот на Општина Карпош |
| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатен е 1 поважен проблем од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација:<br>30.000,00 денари | | |

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**Финансиски импликации**

Општина Карпош во рамките на својот финансиски и кадровски потенцијал, а во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и останатите Општини во Град Скопје, вложува напори да го одржи и поправи нивото на квалитетот на животната средина. Во согласност со финансиските можности како средства во буџетот за реализација на овој акциски план во 2019 година се проектирани вкупно 1.000.000,00 денари. Овие средства ќе бидат искористени за најнеопходните мерки и активности што треба да ги превземе општината кои се дадени во текстот подолу.

За спроведување на предложените активности се предвидени следниве потребни средства:

1. Кампања за зголемување на јавна свест за штетноста од користење несоодветни суровини за греење на домовите ............ 30.000,00 денари
2. Промотивни материјали за користење алтернативни извори за греење ............ 50.000,00 денари
3. Набавка на мобилен инструмент за мерење на загадувањето на амбиенталниот воздух ............ 700.000,00 денари
4. Ажурирање на Катастарот на загадувачи ............ 300.000,00 денари
5. Набавка на 2 електрични тротинети ............ 60.000,00 денари
6. Кампања за зголемување на јавна свест за соодветно депонирање на отпадот ............ 30.000,00 денари
7. Кампања за зголемување на јавна свест за користење и градба на фотоволтаични системи ............ 30.000,00 денари
8. Кампања за зголемување на јавна свест за бенефитот од примена на зелени фасади и зелени кровови ............ 30.000,00 денари

Вкупно ............ 1.230.000,00 денари

Набавката на мобилен инструмент за мерење на загадувањето на амбиенталниот воздух ($PM_{10}$, $PM_{2,5}$, $CO_2$, $SO_2$, $NO_2$, $CO$) во вредност од 700.000,00 денари ќе биде финансиран дел од општинскиот буџет во вредност од 470.000,00 денари, а останатиот дел од средствата во вредност од 230.000,00 денари ќе се финансира со средства од надворешни донации.

Овој Акционен план обезбедува успешна реализација на современиот приод при креирањето и спроведувањето на политиката за заштита на животната средина и планирањето на одржливиот

развој кој не е можен без квалитетни, исцрпни и ажурни информации за изворите на загадувањето, за состојбата во животната средина и просторот, за техничко – технолошките решенија кои се на располагање и за економско – финансиските односи во фазите на инвестирање и реализирање на производство.

Поттикнати од законските обврски, но и свесни за состојбите со животната средина и желбата истата да се унапреди, општина Карпош во континуитет ќе продолжи со спроведување на ЛЕАП-от како план на мерки и активности за решавање на проблемите во животната средина и зачувување на постојните природни убавини и релативно чиста животна средина.

**Завршни одредби**

- Овој Акционен план се однесува на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП (Локален Еколошки Акционен План) за 2019 година, а ќе се спроведува до 31.12.2019 година.

- За спроведување на мерките и активностите од Акцискиот план е задолжена Комисијата за изработка, следење и спроведување на Акционен план за 2019 година, донесена на деветнаесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 28 февруари 2019 година, со број на Решение 09-1713/8.

- Овој Акционен план влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-2810/11**
**Датум:10.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за утврдување на реони на основните училишта од територијата на Општина Карпош, со Заклучок за објавување,
2. Одлука за утврдување на реони на јавните установи општински детски градинки од територијата на Општина Карпош, со Заклучок за објавување,
3. Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување,
4. Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување,
5. Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување,
6. Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца во јавната установа општинска детска градинка „Распеана младост“ Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување,
7. Решение за објавување на Решение за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца -детска градинка „ИПС ГРУП" – Скопје, со Заклучок за објавување,
8. Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за изработка проектна документација,реализација и одржување на јавни површини, со Заклучок за објавување и
9. Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП (Локален Еколошки АкционенПлан) за 2019 година, со Заклучок за објавување.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**